**20120120421**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

Врз основа на член 64 од Законот за лековите и медицинските помагала („Службен весник на Република Македонија“ бр. 106/07,88/10, 36/11, 53/11 и 136/11), министерот за здравство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА КЛИНИЧКИТЕ ИСПИТУВАЊА НА ЛЕКОВИТЕ И СОДРЖИНАТА НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА

Член 1

Во Правилникот за начинот и постапката за клиничките испитувања на лековите и содржината на документацијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/09,91/10) во член 24 во ставот 2 по точката 3. се додава нова точка 3-а која гласи:

"доказ дека набљудувачот на клиничкото испитување е соодветно овластен од спонзорот на клиничкото испитување согласно со член 2 точка 21 од овој правилник, и е вработен во фирма запишана во Централниот Регистар на Република Македонија".

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 15-410/1
18 јануари 2012 година
Скопје

Министер,
**Никола Тодоров,** с.р.